# Сплошна  болница во Ново Место
# Р. Словенија

# ЈЗУ Општа Болница Кичево

Доктор специјалист-акушер
Ѓорѓе Дичоски

28.09.2015 – 17.10.2015 г.

Со оваа програма бев испратен за едукација во областа на Гинекологијаи акушерство во Ново место Република Словенија во болница која е регионален центар во југоисточниот дел на Словенија која пружа здраствена застита на околу 200 000 жители

Уште со првиот контакт со вработените на одделението ни беше кажано дека тие немаат обврска да ни дадат активно учество во работата на одделението и дека ние треба за време на предстојопт на нивно одделение само да посматраме како тече работата на нивното одделение

По безвредно и по некорисно не сум се осеќал ни за време на мојата специјализација кога не познавав голем дел од проблемите за кои сега бев пратен на едукација а не сега како специјалист со 24 години искуство.

Во болницата во Ново место од областа на Гинекологија и Акушерство се работеше цела патологија со исклучок на онкологија

- Најголем дел од времето го поминав  во операциона сала  каде следев на екран во најголем дел лапароскопски интервенции од типот на аднексектомии ,миомектомии,стерилизација на тубите,лапароскопски хистеректомии,како и вагинални хистерктомии.

- Тамо каде имаше потреба од класични лапаратомии се изведуваа и тави операции но преовладуваше ендоскопската хирургија

- Следев  спонтани раѓања  кои се изведуваа во соба за породување ,не класична родилна сала, каде  присуствува  во најголем дел од раѓањата и сопругот и кои најчесто беа ограничени за присуство  заради интимност на пациентката.

- Бев присатен и во сала за царски рез,зошто во нормални услови таа сала  е посебна а не заедно со хирушка каде се изведуваат и чисти и нечисти операции од хирушка или и гинеколошка патологија ,при што немаше нешто што битно се разликуваше  од нашите интервенции

- Она што ми остави посебен впечаток беше односот на персоналот кон пациентите и ОСОБЕНО односот на пациентите  кон докторот не  дека тамо пациентите немаат право но си знаат  до каде им е местото.

- Видов високо ниво на стручност и љубезност  на медицинскиот персонал

- Особено впечаток ми остави големата грижа кон асепса и антисепса како и услови за често миење на рацете скоро на секој ќош со дезинфикционо средство

- Материјалот кој  се користеше во операциона сала беше за една употреба  што посебно  ми остави впечаток

Стеилизацијата беше централна а посебно ми остави впечаток голем број на резервни комплети кои беа присатни веднаш до операционата сала во случај на дефект или промена на состојбата во тек на операција веднаш се носеа соодветни инструменти и апарати

Сметам дека поголем дел од видените прилики во болницата во Ново место треба да се имплементираат во нашата болница особено материјалот за дезинфекција на раце, резервни апарати и по можност материјалот за една употреба во операциона сала.

Персоналот беше пополнет од чостачка до специјалист до максимум и секој си ја знаеше својата работа и одговорност а се во интерес на навремена припрема и изведба на дејноста за која е стручен и одговорен а не како кај нас еден за се и на повеќе места.

За видените прилики донесов видео материјал и слики и ќе ги запознам предпоставените со препорака ,во зависност од нашата финансиска можност,да се применат на наше одделение

Она што може од стручен аспект да се пренесе и инплементира на наше одделение радо ќе се потрудам да го пренесам.

Сакам да дадам и препорака да во иднина се направи напор на ниво на министерства медицинскиот персонал кој еупатен за ЕДУКАЦИЈА така и да се прифати и да се ангажира како би можел да е од корист.

Сакам да изразам благодарност за можноста што ми се пружи да видам до каде се нашите можности и до каде пошол светот ва поблискаta наша околина зосто убеденсум дека има повеќе и од тоа.